Петре ГЕОРГИЕВСКИ

# ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈАТА, УРБАНИЗАЦИЈАТА И ПРОМЕНИТЕ ВО СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА ВО ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД (1947—1977) ВО ЈУГОСЛАВИЈА*)

## Уводни определби на основните поими

Забрзаната индустријализација не само што изврши суштински промени во капиталистичката класно-социјална структура (за што сосема јасно пишуваат К. Маркс и Ф. Енгелс), туку тие промени се уште побрзи и позначајни во општествата кои преминале од капиталистички на социјалистички начин на производство. Овие промени што ги предизвика социјалистичкиот начин на производство и во него плански организираната индустрија не се одразија само во промените на класно-социјалната структура на социјалистичките општества, туку и во зголемениот степен на урбанизација, во зголемениот степен на образование преку брзиот развој на сите степени на образование во културниот развиток и воопшто начинот на животот и во свеста на луѓето во социјалистичката заедница.

Но пред да се изнесе анализата на основните показатели за влијанието на индустријализацијата и урбанизацијата врз социјалните структурни промени во повоениот период во Југославија, неопходно е прво да се определат основните поими кои се употребуваат во овој прилог како што се: индустријализација, урбанизација и социјална структура.

Постојат разни дефиниции на поимот индустријализација што произлегуваат од различните теориски сфаќања на нивните автори. Во тој поглед се разликуваат: потесно определување и пошироко. Авторите на потесната дефиниција под индустријализација подразбираат општествено производство засновано врз машинскиот (а не мануфактурниот) начин на производство, особено врз крупното машинско производство. Во оваа група дефиниции спаѓаат и оние кои индустријализацијата ја сметаат за посебен начин на производство заснован врз техниката и тех-

*) Прилогов претставува соопштение на авторот на првиот краковско-скопски социолошки собир на тема, Социолошките аспекти на индустријализацијата и урбанизацијата на социјалистичките општества“ што се одржа од 30 11 до 5. 12. 1979 година во Краков во Полска

нологијата, како и оние дефиниции на идеолозите на „научно-техничката револуција" (како што се А. Турен, С. Мале, Џ. Галбрајт, Р. Рихта и др.).

Втората група дефиниции на поимот индустријализација има пошироко, социолошко значење и во себе ги вклучува општествените, а не само техничките и техничко-економските аспекти. Една од нив е на д-р Јан Шчепански: „Индустријализација се наречува изградувањето на индустрија во земјите во кои таа сè уште не постои или пак слабо е развиена и во кои при тоа општеството се менува, преоѓајќи од состојба на традиционално општество во општество кое се засновува врз техничката цивилизација. Според тоа, изградбата и развитокот на индустријата — сочинувајќи ја суштината на секоја индустријализација — претставува збир на технички, економски процеси кои ги следат општествени, политички и културни процси".[1]

Не навлегувајќи во подетално изнсеување на различните дефиниции и сфаќања на категоријата индустријализација (што може да претставува посебна расправа), овде под неа ќе се подразбира таков начин на материјално производство вој кој претежно преовладува машинското производство наменето за пазар и кое се засновува врз развиена поделба на трудот и врз што се засновува соодветна класно-слојна структура и врз што се надоградува и соодветен политички систем на управување и начин на културно живеење.

Како што се гледа самиот социолошки поим индустријализациај е мошне комплексен или подобро речено тој е поврзан со сите страни на општествениот живот на современиот човек. Меѓутоа, ако вака општо се дефинира поимот на индустријализацијата, тоа не значи дека таа на ист начин дејствува и предизвикува исти општествени, економски, политичкии и културни последици во разлчни начини на производство на едно исто општество или на различни степени од развитокот на две или повеќе општества. Се разбира, од карактерот на општествено-политичкиот систем, односно од општествено-економската формација (дали се работи за капитализам или комунизам) општествените аспекти и последици се суштнски различни во услови на развој на капиталистичкиот начин на производство, индустријализацијата е противречен процес и е во функција на оплодување на капиталот и создавањето на екстра-профит, од една страна, и сè поголемото експлоатирање преку интензивирање на процесот на индустрискиот труд на работничката класа што доведува до сè поголемото нејзино духовно осиромашување и тотално отуѓување од друга страна. Спротивно, во услови на социјалистичкиот начин на производство што се одвива врз поопштествени средства за производство и во услови на самоупра-

---

[1] Szczepanski Jan' Društveni aspekti industrijalizacije u Narodnoj Republici Poljskoj, Sociologija (Beograd), 2. 1967.

вување на работничката класа не само во економската, туку и во политичката и духовната сфера, индустријалазацијата е во функција на создавање на високо-развиени производни сили, во создавање на услови за надминување на општествената поделба на трудот, а со тоа и на класната и секаква друга хиерархиска поделеност и потчинетост, услови во кои „сите ќе станат работници, и трудот ќе ја изгуби својата класна особеност" (К. Маркс), за целосно разотуѓување и ослободување на човекот.

И во поглед на дефинирањето на поимот урбанизација се среќаваат различни сфаќања од оние кои сосема еднострано (демографистички) под овој поим подразбираат само зголемување на бројот на градовите и нивното население, па сè до оние кои и во најруралните населби бараат елементи на градски начин на живеење. Секако дека укажувањето на ова што е со „голо око видливо" дека е градско, т.е. на просторната, демографската и архитектонската димензија на урбанизацијата не е доволно за една социолошка дефиниција иако тоа е нужно да се каже. Една таква дефиниција, која ја смета за социолошка, дава Воислав Ѓуриќ: „Урбанизацијата би можела да се сфати како сложен, дискунтинуелен, динамичен и внатре поврзан конкретно-историски процес во чии тек човековите заедници се вообличуваат во заедници на градски белези во своите простори, демографски, економски, општествени и културни елементи и димензии".[2] Во оваа дефиниција, иако наизглед целосна, недостасуваат два значајни составни елемента без кои не може прецизно таа да се определи: индустријализацијата и поделбата на трудот. Понатаму и самиот поим „човечки заедници" во оваа дефиниција е мошне широк и треба попрецизно да се определи.

Оттука, под поимот урбанизација ќе се подразбира комплексен општествено-историски процес непосредно поврзан и поттикнат од индустријализицијата и развиената поделба на трудот во кој традиционалното аграрно општество се претвора во индустриско-градско и во кој градскиот начин на производство и живеење се шири и ги опфаќа руралните средини. Интересно е да се напомне дека А. Лефевр индустријализацијата на општеството, односно попрецизно речено „пост индустриското општество" (општество во кое е завршен процесот на индустријализација) го изедначува со поимот **урбано** општество (кое е сè уште во претпоставка) кое означува стремеж, насочување, виртуелност, отколку свршен чин.[3]

Поимот социјална структура на општеството спаѓа во редот на оние општествени појави чие дефинирање е најсложено не само во граѓанската, туку и во марксистичката социологија. Ако го ставиме на страна разгледувањето на функционаликстич-

---

[2] Đurić Vojislav, Pojm, uloga, činioci i modeli urbanizacije, Sociologija 3—4, 1970.

[3] Lefevbr Henri, La revolution urbain, Gallimard, Paris, 1970.

кото определување на овој поим како „социјална стратификација" иако тквото сфаќање на социјалната структура на социјалистичкото општество врши влијание врз определен број социолози во социјалистичките земји, сепак не се плодни ниту оние сфаќања кои се обидуваат да изградат посебен модел на социјална структура за сите постојни историски типови на социјалистички општества, како што е она на Зигмунт Бауман. Имено, тој иако го отфрла функционалистичкото сфаќање на социјалната стратификација, и покрај многубројните интересни забележувања, сепак не успева да нѐ убеди во плодноста на вештачки конструираниот модел (врз Марксовото сфаќање вештачки накалемено Макс-Веберовото) на социјална структура за постојните социјалистички општества што тој ги крсти како модел на структурата на моќ (model of the power structure). Имено, тргнувајќи од Веберовото сфаќање на традиционалната власт (управување) која се дели на патримониална и сталешка (феудална), З. Бауман го препорачува терминот „партиномијална моќ" или власт по аналогија на Веберовиот термин. Според Зигмунт Бауман во овие општества постојат два основни антагонистички спротивставни типови на структура на моќ: бирократски и класен. Првиот тип на структура на моќ е „создаден на рамниште на авторитетот на општествениот систем и потекнува од партијата (комунистичка и поради тоа „парти" — П.Г.) како главен потпирач на контролата и продира низ целото општество ... Бирократизмот, во крајна линија, има свои корени во партиноминалното владеење".[4]

На страна од прашањето што секој изграден модел (особено во социологијата), каков што е овој пат и од метафизичност, непотполност и апстрактност, моделот на Зигмунт Баумен за социјалната структура на социјалистичките општества не води, ниту може да води, сметка за двете рамништа за социјалната структура кои потекнуваат од Карл Маркс за проучување на рамниште на општествено-економска формација, со оглед на фактот дека определена бирократија и технократизација се врши и во капиталистичките општествени системи, а не само во социјалистичките и, второ, проучувањето на одделно социјалистичко општество на конкретно-историско рамниште со оглед на тоа што разните конкретни социјалистички општества се наоѓаат на разлчни степени од својот општествено-економски, политички и културен развиток што условува и различни видови, типови на социјална структура. Оттука и оние теории во социјалистичките земји за нивната социјална структура која ја сфаќаат на „моделски" начин составена од три основни класи и слоеви — работничка класа, селанство и слојот на интелигенци-

---

[4] Bauman Zygmunt, Officialdom and Class: Bases of inequality in socialist Society, во книгата The Social Analysys of Class structure, Edited by Frank Parkin, Tavistock Puglication Limited, London, 1974.

јата не води сметка токму за ова второ рамниште на марксистичкото проучување на социјалната структура на социјалистичкото општество.[5]

Тргнувајќи од марксистичкиот приод на социјалната структура во современото југословенско општество ќе ги разликуваме следните класи и општествени слоеви: работничката класа со своите слоеви на НКВ, КВ и ВКВ работници; класните остатоци кои сè уште егзистираат врз ситните приватни средства за производство — а) ситните селски земјоделски производители; б) приватните занаетчии; в) приватните поседници на трговски и угостителски објекти, понатаму, помеѓу селаните и работниците се поголемиот растечки слој на работници-селани; административно-управен слој; слој на високи општествено-политички раководители; слој на средно-стручен и високостручен кадар (или интелигенција) и слој на невработени.

Со оглед на фактот дека податоците за промените во социјалната структура на југословенското општество со кои се

---

[5] Овој приод за две рамништа на проучување на социјалната структура јасно е даден во трудовите на К. Маркс. Така кога тој ја разгледува визијата на капитаќистичкото општество и неговата револуционерна преобразна во социјалистичко (рамниште на општествено-економска формација), целокупната класна структура на капитализмот ја поларизира на две антагонистички спротивставени класи (буржоазијата и пролетаријатот, пример „Манифестот на Комунистичката партија“, последната 52 глава од третата книга на „Капиталот“). Кога пак, К. Маркс проучува едно конкретно-историско општество, мошне многу ја рзгранува ваквата социјална структура, покажувајќи го богатството на класи и нивните фракции, но секогаш водејќи сметка и за степенот на развиток на соодветното општество. Така во „Класните борби во Франција“ К. Маркс расправа за седум класи и фракции на класи: финансиската буржоазија, индустриската буржоазија, трговската буржиазија, ситната бурмоазија, селанството, пролетаријатот и лумпен-пролетаријатот. Во „Революција и контрареволуција во Германија“ заедно со Ф. Енгелс водеа сметка за осум класи и фракции: феудалците, крупната буржиазија, ситната буржоазија, крупното и средно селанство, ситните селани, кметовите, земјоделските работници и индустриските работници.

Ова значи дека во еден ист временски период — околу 1850 година — општествената структура на две конкретно-историски општества кои припаѓаат на иста општесгвено-економска формација значајно се разликува. Оваа појава се објаснува со тоа што, овие две конкретни општества иако и припаѓаат на иста онштественоекономска формација, сепак не се еднакво развиени и во таа смисла имаат свои специфичности не само според бројот, туку и според видот на класите и нивните фракции (слоеви) кои произлегуваат токму од таквиот различен општествено-економски развиток во рамките на иста општествено-економска формација. Ако сето ова се има предвид за Марксовото сфаќање на класно-слојната структура, тогаш е јасно дека не се одржливи заклучоите што ги изведуваат Ж. Гурвич дека рзличниот број на класите што К. Маркс го дава, дефиницијата на општестената класа како произво на поделбата на трудот и распрееделбата (сопственоста) не дава јасен поим на класа (Gurvitch G., La sociologie de Karl Marx, Centre de documentation Univerzitaire, Paris, 1959, и Р. Арон кој вели дека „произволниот карактер на набројувањата (се мисли на бројот на класите и нивните фракции — П. Г.) покажува дека често е тешко да се знае каде почнува и каде завршува едната или другата. . . Во Марксовите текстови нема ниту строго оригинална дефиниција на класите на индустриските општеств во однос на оние на прединдустриските општества, ниту набројувањата на класите што се карактеристични за индустриските општества·“ (Aron R., La Lutte de classes, Gallimard, Paris, 1964, p. 43 et 44).

располага се добиени од статистичката документација на пописите на населението чии класификации на занимања се разликуваат од предложената, таа ќе се разгледува во модификуван вид според расположливите статистички класификации.

Меѓутоа, за да станат појасни проблемите во социјалната структура на населението во Југославија во повоениот период неопходно е да се изнесат барем основните податоци за развојот на индустријата, градовите и образованието во овој период.

**Развојот на индустријата.**

Според темпото на вкупниот стопански развиток Југославија во повоениот период спаѓа во групата на земји каде што е и Полска, кои остварија најбрз стопански растеж. Од 1947 до 1977 година вкупното производство, односно општествениот производ, зголемен е шест пати, а по жител преку четири пати. Во целиот период општествениот производ просечно годишно се зголеми за 6,2%, што значи дека Југославија речиси за секои единаесет години го вдвојувал производството.[6]

Ако се земе динамиката на порастот на општествениот производ во Југославија и во Полска покажува значаен растеж што се гледа од следната табела 1.

Табела 1. — Динамика на порастост на општествениот производ во Југославија и Полкса

| | Индекси | | | Просечна годишна стапка на пораст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1975<br>1960 | 1970<br>1960 | 1965<br>1970 | 1961—75 | 1961—70 | 1971—75 |
| Југославија | 245 | 184 | 133 | 6,2 | 6,3 | 5,9 |
| Полкса | 285 | 179 | 160 | 7 2 | 6,0 | 9,9 |

Напомена: Стапките се пресметани врз основа на индексите преземеи од UN — Statistical Yearbook, 1976.

Во структурата на општествениот производ во посматраниот период (1947—1977 година) дојде до суштински промени помеѓу индустријата и земјоделството. Индустријата заведе доминантно мсто во вкупното производство. Нејзиното учество во општествениот производ во 1947 година беше 18 , а во 1977 година 37%. Во истиот период учеството на земјоделското производство опадна од 40% на 16%. Од 1947 до 1977 година индустриското производство просечно годишно растеше за 9,1%, така што и во овој поглед Југславија спаѓа меѓу земјите кои во ваквиот долг период остварија најбрз растеж. Индустриското производство денес, во однос на состојбата од 1947 година, пого-

[6] Samoupravni društveno-ekonomski razvoj Jugoslavije, Statistički prikaz, Savezni zavod za statistiku, Beograd, 1978, s. 13.

лемо е за 14 пати. Во сите републики и покраини исто така е остварен висок растеж на индустриското производство. Овој развој на Југославија, спореден со истиот на Полска, преку индексите на индустриското производство изгледа вака (табела 2).

Табела 2 — Индекси на индустриското производство, СФРЈ и НР Полска, за период 1966—1976 год.

| | 1966 | 1973 | 1976 |
|---|---|---|---|
| Југославија | 226 | 365 | 440 |
| Полска | 197 | 359 | 488 |

Извор: Statistical Yearbook, UN, 1967, 1976, Monthly Bulletin of Statistics, UN, 1978.

Развојот на индустријата создаде широк простор во зголемување на вработеноста. Во индустријата во 1952 година работеа 560 илјади работници, а во 1977 година милион и 900 илјади. Во 1952 година само 3,3 од 1.000 жители беа индустриски работници, во 1977 година 8,6. Уделот на индустриските производи се зголеми од 59% во 1952 година на 90% во 1977 година.[7] Високиот пораст на индустриското производство беше проследен со промени во неговата структура. Посебно место му припаѓа на производството на средства за работа (машини, опрема и сл.), кои во поголем обем се развија дури по војната. Во споредба со 1947 година во 1977 година ова производство било поголемо за 28 пати. Сега индустријата произведува мноштво различни машини за потребите на југословенското стопанство, кои порано не се произведувале (машини за потребите на земјоделството, рударството, градежништвото, преработувачката индустрија, сообраќајот и др.), а многу од овие машини се извезуваат.[8] Се создадоа нови индустриски дејности и занимања почнувајќи од автомеханичарските до оние кои се, речиси, целосно автоматизирани.

Еден од карактеристичните показатели на техничкиот напредок во индустријата и техничката поделба на трудот е степенот на автоматизација на орудијата за труд. Кон крајот на 1975 година околу 65% од орудијата за труд во индустријата биле во поголем или помал степен автоматизирани. Најголем степен на автоматизација е остварен и во хемиската индустрија — 85%, во енергетиката — 80%, во металургијата — 78% и во прехранбената — 75%, а најнизок во индустријата на текстил, кожа и гума — 37%. Слична тенденција во автоматизацијата пред 10

[7] Ibid., с. 14.
[8] Ibid

години (т.е. околу 1965 година) се забележува и во Полска, според податоците на В. Василевски и М. Анаш.[9]

Брзиот и сестран развој на индустријата го зафаќа и земјоделското производство што е од посебно значење и за ширењето на урбанизацијата и за побрзите промени во социјалната структура на населението. Карактеристичен показател на оваа тенденција е бројот на тракторите и нивото на минеранли ѓубрива. При тоа, зголемувањето на бројот на тракторите од околу 6.000 во 1952 година на 261.000 во 1976 година во полна мерка не го изразува интензивниот степен на механизација на земјоделството, бидејќи во последните години се воведуваат трактори и комбајни со сè поголема влечна сила и со посестрана примена. Потрошувачката на минералните ѓубрива се зголеми од еден килограм во 1952 година на 74 килограми во 1976 година. Покрај ова, развитокот на индустријата силно го поттикна и развојот на другите дејности, како што се: градежништвото, сообраќајот, трговијата, угостителството, за што поради ограниченоста на просторот не ќе се изнесат податоци, но кои значајно доведоа и до забрзано ширење на урбанизацијата и промените во социјалната структура на југословенското општество.

## Развојот на урбанизацијата

Со победата на социјалистичката револуција и со забрзаниот процес на индустријализација силно започнува процесот на деаграризција на селското население — напуштање на земјоделството, а потоа и на селото, и прилив во градовите. Овој процес најдобро се изразува преку промените во економската структура на населението и посебно преку рапидното намалување на земјоделското население во повоените години. Учеството на земјоделското население во вкупното непосредно пред воениот период (1939 год.) изнесуваше околу 75%, додека во периодот на социјалистичката изградба тоа почнува осетно да се смалува: во 1948 година на 67,2%, во 1953 год. — 60,9%; во 1961 година — веќе се смалува под половината од вкупното население — 49,6%; во 1973 год. на 38%, а во 1977 година се оценува на околу 31%. Тенденцијата на рапидното смалување на селското, односно земјоделското население, иако е изразена со

---

[9] Во 1965 година во НР Полска највисок степен во таа смисла (механизација и автоматизација — П. Г.) достигна енергетската индустрија каде 45,7% од работниците извршувале механизирана работа, а 42,8% автоматизирана; во металуршката индустрија 63,8% од работниците работеле механизирани работи, а 3,8% автоматизирани, во текстилната индустрија 62,4% механизирани, а 1,2% автоматизирани работи; (В. Веселовский, М. Анаш — Изменение структуры общества за период тридцатилетия Народной Польши, во книгата ‚Проблемы развития социалáной структуры общества в Советском Союзе и Пильше, ИСИ АН СССР и ИФС ПАН, Москва Варшава, 1974, с. 45).

побрз интензитет од истата во Народна Република Полска, сепак поради повисокото рамниште на индустриски развиток таа за осумдесет години е пред Југославија што се гледа од следните податоци (табела 3).

Табела 3. — Сеслкото и земјоделското населеие во периодот 1950—1970 година во СФРЈ и НР Полкса

| | Селско население | | | Земјоделско население (во %) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1950 | 1960 | 1970 | 1950 | 1960 | 1970 |
| Југославија | 79 | 72 | 61 | 67 | 50 | 38 |
| Полска | 61 | 52 | 48 | 47 | 38 | 30 |

Извор: Yearbook and Agricultural statistics, 1965, 1975; Demographic Yearbook, 1975.

Исто така значаен показател на деаграризацијата во Југославија се промените во изворот на приходи на домаќинствата. Ако се анализира периодот 1961—1971 година ќе се забележи интензивен процес на смалување на бројот на домаќинствата чии извор на егзистенција се приходите добиени од обработката на земјоделството (за 9,3 поени) и брзото наголемување на чисто неземјоделските домаќинства (за 17,0 поени), како и смалување на преодната и противречна категорија на мешовитите домаќинства (табела 4).

Табела 4. — Домаќинствата според изворите на приход во периодот 1961—1971 год. во Југославија

| | Вкупно во илјади | % | Приходи од земјоделство во илј. | % | машини во илј. | % | вон земјоделство во илј. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1961 | 4649 | 100,00 | 1620 | 34,9 | 1009 | 21,7 | 2019 | 43,4 |
| 1971 | 5375 | 100,00 | 1373 | 25,6 | 754 | 14,0 | 3248 | 60,4 |
| Во градски населби | 2445 | 100,00 | 89 | 3,6 | 83 | 3,4 | 2273 | 93,0 |
| Во мешан. и сел. нас. | 2930 | 100,00 | 1284 | 43,8 | 671 | 22,9 | 975 | 33,3 |

Извор: Materijalni i društveni razvoj SFRJ Jugoslavije 1947—1972, Savezni zavod za statistiku, Beograd, 1973.

Како што се гледа од табелата значајно е намален бројот на домаќинствата чии приходи потекнуваат само од обработка на земјата, како и оние со мешани извори на приход, а обратно тенденција на зголемување покажуваат домаќинствата чии приходи се само од неземјоделски дејности (наголемувањето е за 17 проценти).

Ширењето на урбанизацијата на југословенското село се одвиваше в о определени фази, а особено тој процес се забрза по ослободувањето и социјалистичката револуција. Пред тоа,

југословенското село живеело само од земјоделството и тоа основната производствена единица беше ситното земјоделско стопанство. Единствената класно-социјална диференцијација на село пред војната беше големината и квалитетот на земјиштето, а не и различните занимања или извори на доход вон земјоделството. Во него владееше типичниот селски традиционализам и голем степен на неповрзаност (или авторхичност) со целокупната структура, со политичкиот систем и воопшто со духовниот живот, со глобалното југословенско општество.

Меѓутоа, по успешно изведената социјалистичка револуција, од 1946 година наваму, како резултат на национализацијата и особено со експропријацијата на околу 3.000 капиталистички големопоседници; понатаму со спроведувањето во живот на Законот за аграрна реформа (од 1945 година) како и со забрзаната индустријализација се создадоа услови за брза трансформација на југословенското село, што се карактеризира со брзо намалување на аграрната пренаселеност и прилив на ова население во неземјоделските дејности и во градовите; се зголеми професионалната и социјалната диференцијација, така што во 1970 година 43% од земјоделските домаќинства имале еден или повеќе членови постојано вработени во некое од неземјоделските занимања (најчесто во индустриските), а во периодот 1965—1970 год. еден број од нив се ориентирале на економска емиграција во другите високоразвиени капиталистички земји. Со оглед на фактот дека ова население кое го напушта земјоделството и селото е претежно младина која завршува некој вид стручно образование, како и работно-способно население до 40 години возраст, на село остануваат претежно домаќинства без наследник, без целосна репродукција, т.н. „старечки домаќинства" што предизвикува определени општествени противречности и социјални проблеми, било на оние што имигрираат во градовите (проблемот на нивната социјална и културна адаптација во новата градска средина или на оние што остануваат во селата, пред сè, проблемот на девојките за мажење и на старите лица — нивното згрижување и сл.).

Процесот на урбанизација што брзо го зафати југословенското село се огледа и во тоа што добар број села не само со градовите, туку и меѓу себе, се поврзани со модерни сообраќајници (асфалтни патишта); во околу 90% од селата е спроведено електрично осветлување; понатаму, се изградуваат водоводи, амбуланти, пекари, во оние во кои постојат услови (приморските, крајезерските и планинските села) започнува брз процес на развој на туризмот, со што се менуваат навиките и начинот на живот на селанецот. Во овој период по ослободувањето на Југославија на село брзо се ширеше и мрежата на средствата за масовна комуникација (радиото, телевизијата, печатот, филмот, книгите и др.). Така на пример, во 1970 година во селата имаше над 1.400.000 радио-приемници и околу 420.000 телевизори. Со ова, покрај другото, сè повеќе се зголемуваше поврзаноста на

југословенското село со глобалниот општествен систем и сè повеќе се смалува неговото (на селото) маргинално место во вкупната структура на југословенското општество.

Во целина земено, современиот развиток на југословенското село проткаен е со бројни противречности и судири на традиционалните и индустриско-урбаните карактеристики на животот. „Некаде селскиот живот штотуку се одвоил од автархичното сиромаштво и од самодоволната стеснетост, а во други села тој мошне се урбанизирал и се збогатил со бројни прогресивни придобивки".[10]

Следен значаен показател на урбанизацијата во југословенското општество, а можеби највидлив е коефициентот на урбанизација, односно учество на градското население во вкупното. Пред Втората светска војна Југославија имаше еден од најниските коефициенти на урбанизираност (учеството на градското население во вкупното непосредно пред војната изнесуваше околу 15%). Оттогаш па до седумдесетте години тоа с е зголеми за повеќе од два и пол пати. Според пописите на населението, во 1953 година учеството на градското население во вкупното изнесуваше 21,7%; во 1961 година 28,3%; во 1971 година 36,2%, додека во последните две-три години се оценува дека тоа изнесува нешто повеќе од 40% (не сметајќи го тука населението од мешаните — полуградските населби). Градското население се зголемува од три извори: од сопствениот природен прираст, од доселувањето на селско население од чисто селските и мешаните населби, како и од прераснувањето на полуселските (мешаните) населби во градови.

Ако како показател на степенот на урбанизацијата се земе учеството на градското во вкупното и во таа смисла ако се спореди таквото учество на Југославија и Полска, веднаш ќе се забележи дека НР Полска има многу повисок степен на урбанизација. Имено, според податоците што ги изнесуваат В. Веселовски и М. Анаш, во повоениот период бројот на жителите во полските градови се зголеми повеќе од два пати — од 7,6 милиони во 1945 година на 17,6 милиони во 1972 година... во 1950 година градското население сочинувало 39% од вкупното, во 1960 година — 48,4%, додека во 1972 година — 53,1% (17.639.000 жители)[11] што е за истиот период 1960—1972 година за околу 15 поени повисоко од истото во Југославија.

Во градовите на Југославија кои имаа помалку од десет илјади жители во 1961 година живееле 14,2% од градското население; во градовите од 10—50 илјади 40,2%, а во градовите повеќе од 50 илјади 45,6%.[12] Особено брзо растеше населението во главните градови на Републиките и покраините, но со опре-

---

[10] Šuvar Stipe, Sociološki presjek jugoslovenskog društva, Školska knjiga, Zagreb 1970, s. 68.

[11] Веселовский В. Анаш М Изменение структуры общества за период тридцатилетия Народной Польши... оп. цит. с. 37).

[12] Šuvar Stipe, Sociolo°ki presjek Jug. dru°tva, op. cit. s. 72.

делени специфичности. Така целата урбанизација во СР Македонија покажува определени специфичности, бидејќи ги носи белезите на конкретно-историските услови во кои се вршеше општествено-економскиот и политичкиот развиток уште од минатиот век — кога се засилува таканаречената преткапиталистичка урбанизација непосредно поврзана за развојот на занаетчиството и трговијата.

Во целиот процес на урбанизација југословенското општество во повоениот период е карактеристична противречна тенденција што се состои во тоа што степенот на економскиот развиток на одделни социјалистички републики и покраини во Југославија не е паралелно следен со ист степен на урбанизација, т.е. економски понеразвиените републики покажуваат повисок степен на урбанизација (учество на градското во вкупното население) од економски поразвиените. Така СР Словенија е на прво место според економскиот развиток, а четврта според степенот на урбанизација; СР Македонија е петта според економскиот развој, а втора според учеството на градското население во вкупното.[13] О вие податоци јасно покажуваат дека урбанизацијата нема само економски причини туку дека таа е обусловена и од мноштво општествено-политички и културни особености кои датираат уште пред индустријализацијата иако подоцна оваа слно врз неа дејствуваше.

## Развојот на образованието

Брзиот развој на сите видови образование во повоениот период што е поттикнат од потребите на индустријата и процесот на урбанизација, всушност, претставува и самиот чинител на побрзиот развој на индустријата и на порастот на градското население, и на ширењето на урбаните начини и однесување на село како и тоа што образованието претставува значаен општествен канал на значајни промени во социјалната структура на населението.

Веднаш по ослободувањето мораше да се работи на проширување на школската мрежа на сите степени со три основни цели: прво, што побрзо намалување на огромниот број неписмени; второ, оквалификување на добар дел од постојната работничка класа преку курсеви, индустриски училишта и трето, создавање на средностручен и високостручен кадар неопходен за развојот на стопанството и организацијата на општествено-политичкиот и културниот живот.

Мошне високата неписменост во предвоена Југославија, според пописот од 1931 година (44,6% од населението старо 10 и повеќе години беше неписмено), сосем соодветствува на нејзиниот заостанат општествено-економски развој. Неписменоста е во цврста корелација со степенот на развитокот на одделна

[13] Пошироко може да се види кај Bolić Silvano, Međuzavisnost tipova urbanizacijske razlike u razvijenosti regiona Jugoslavije, Sociologija, 3—4, 1970, str. 460.

социјалистичка република или покраина (т.е. најголем број неписмени има во неразвиените републики и покраини, најразвиените — СР Словенија и СР Хрватска — неписмени речиси немаат), а во 1961 година процентот на неписмени се намали на 21,0% додека според последниот попис на населението на Југославија (1971) таа изнесуваше 15,1%. Иако смалувањето на бројот на неписмените за овој период е мошне големо и значајно, сепак во Југославија сè уште постојат околу два милиони неписмени или полуписмени од кои околу 350 илјади млади лица до 35 години, т.е. лица кои требаше од ослободувањето да го започнат и завршат задолжителното осумгодишно основно образование.

Образовноста на населението старо 10 и повеќе години постојано се зголемува во повоениот период, а особено во последната деценија. Значајно е зголемувањето на учеството на населението со завршено средно образование од 7% во 1953 година на 15% во 1971 година. Со завршена виша и висока (факултет) нешто е помалку од 60 илјади лица, а во 1971 година се зголеми учеството на населението без училишна подготовка или со незавршено основно образование од 42% во 1953 година на 23% во 1971 година.[14]

Според бројот на студентите на 10.000 жители Југославија бележи едно од најголемите зголемувања меѓу европските социјалистички земји од 36,9 во 1950 година на 118,6 во 1969 година (индекс—321). Во 1969 година само СССР беше пред Југославија според бројот на студентите на 10.000 жители со 189,1 (но со помал индекс — 273), Полска во истата година имаше 99,1 студенти на 10.000 жители, Бугарија — 113,5, Чехословачка — 92,6, Унгарија — 51,8, ДР Германија — 73,8, и Романија 75,8 студенти.[15]

Ако се анализираат регионалните разлики во Југославија во поглед на развојот на високото образование интересен е фактот што покажува иста противречна тенденција што е изнесена кога стана збор за степенот на урбанизацијата: понеразвиените републики (како што се Босна и Херцеговина, и Македонија) имаат повисок степен на виша и висока (факултетска) образованост, односно поголем број на студенти во однос на вкупното население. Не навлегувајќи во поширока елаборација на оваа противречна тенденција само ќе истакнеме две оснвони причини што неа ја предизвикуваат: прво, недоволна акумулативна способност на стопанствата на помалку развиените републики да апсорбира поголем дел од завршената средношколска младина и второ, слободниот упис н а Универзитетот („слободно отворени врати на универзитетот"), прием на студенти без приемен испит со два-три исклучоци.

[14] Materijalni i društveni razvoj SFR Jugoslavije, Savezni zavod za statistiku, Beograd, 1973, s. 82.

[15] Izvor: The ECE Region in Figures, United Nation, New Yor: Statistical Yearbook, UNESKO, Paris·

Инаку, опфатеноста на децата во основното осумгодишно училиште денес во Југославија се движи околу 97%; во средното околу 50%, а во високото околу 22%. Сето тоа игра значајна улога во социјалната подвижност на населението.

## Промените во социјалната структура

Повоените процеси на индустријализација, урбанизација и развој на образованито во Југославија предизвикаа суштински промени во социјалната структура на населението што всушност е еден од најзначајните социолошки аспекти на овие три основни општествени процеси.[16] Специфичностите во промените на социјалната структура во Југославија произлегуваат од специфичните историски услови во кои се вршеа процесите на индустријализација и пошироко на општествено-економскиот развој на образованието и политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување.

Промените во повоениот период во социјалната структура на населенитео во Југославија не се состојат само во квантитативниот пораст на одделни општествени класи и слоеви, а на други во нивното бројчано опаѓање, туку во суштински коренити, квалитативни промени кои се случија во исчезнувањето на определени класи како што е буржоазијата и појавување на историската сцена на нови општествени групи и слоеви; понатаму, во суштинското изменување на општествената положба и улога на одделните класи во општеството, како што е положбата на работничката класа од потчинета, експлоатирана во предвоена капиталистичка Југославија во управувачка, особено со развојот на социјалистичкото самоуправување во повоениот развој на Југославија.

Во таа смисла, само за две неполни години по ослободувањето огромно е смалувањето на буржоаската класа, од 800 илјади непосредно пред војната на 160 илјади во 1947 година. Смалувањето кај селската буржоазија е за 270 илјади лица или за 87,1%, а кај градската за 367 илјади или 74,4%. Најголемо смалување е кај крупните самостојни индустријалци за 344 илјади или за дури 94,5%,[17] а по неколку години речиси сосема ис-

---

[16] Во југисловенската социологија нема позначајни исражувања за класно-социјалната структура и нејзините промени иако е ова најзначајниот нејзин проблем. Сепак, на овој проблем има две студии: една се однесува за СР Словенија, а другата за СР Србија, но поради применетиот модел на стратификација како и поради видот и нерепрезентативноста на примерокот, добиените податоци немаат поголема научна употребливост. Поради тоа, сме принудени да се служиме со статистчки податоци кои според различните класификации на занимања во различните пописи предизвикуваат значјни тешкотии. Прилогот на Владимир Милиќ „Osobenosti promena u socijalnoj strukturi socijalističkog samoupravnog društva“, Sociologija (Beograd), 1—2, 1976 god., се обидува да ги ублажи овие недостатоци на статистичката доку ментација за ова прашање. Понатамошното излагање се засновува врз неговиот прилог.

[17] Milić Vladimir, Osobenosti promena u socijalnoj strukturi... op. cit., s. 36.

чезнаа како што исчезна и слојот на куќните момоци (слуги) што беше особено изразен кај богатите селски домаќинства.

Со развојот на индустријата и урбанизацијата брзо се смалува **селанството.** Тоа во педесеттите години сочинуваа помеѓу 60—70% од вкупното население, но најголемиот број живееше во границите од 2 до 5 ха или помалку од тоа, што објективно претставува и понатамошен постојанен извор на социјално регрутирање на работничката класа и другите социјални слоеви. Со стопанската и општествената реформа од 1965 година индивидуалниот земјоделски производител е ставен пред сериозен проблем: или стоковен или натурален производител. Настапи процес на забрзано социјално диференцирање на село во зависност и од големината и бонитетот на земјиштето што се состои во поголемата акумулативна парична способност на таквите домаќинства. Така паричните примања кај индивидуалните стопанства во 1965/66 година изнесуваат околу 60%, додека помалите индивидуални стопанства (до 2 ха) всушност претставуваат натурални производители — социјална група која сè повеќе е насочена кон „бегање" од село. Доколку им се помали можностите да го напуштат селото и најдат вработување во неземјоделските дејности, дотолку тие сè повеќе стануваат наемни земјоделски работници (особено во сезоните на обработка на земјиштето и прибирањето на плодовите) познати како „сезонски работници".

Во периодот 1965—1970 година сè повеќе се отежнуваше прашањето за вработување на вишокот на аграрното работноспособно население во Југославија и затоа еден дел се ориентира на привремена работа во странство. Од сите вработени во странство селаните сочинуваат околу една половина што претставува нова социјална група **селани — странски работници.** Тоа е социјален слој во рамките на селанството мошне сличен со веќе порано создадениот слој на **селани — индустриски работници.** Додека во 1960 година 1.306.000 лица живееле на индивидуалните стопанства и биле вработени надвор од него, во 1969 година тој број е 1.420.000 лица, а околу 1975 година тие сочинуваат околу еден и пол милион или 17,0% од активното население.[18]

Не само што слојот селани — индустриски работници се јавува како преодна или меѓусоцијална група меѓу селанството и работничката класа, туку и слојот на **невработените** е израз наопштествените противречности и исто така се јавува меѓу селанството и работничката класа, бидејќи најмногу од нив се регрутира или од нивните потомци кои завршиле некој вид средно, па и високо образование. Фактички овој слој брои околу 300 илјади лица.

**Занаетчиите** (приватните) се најблиска социјална категорија на индивдуалното селанство, т.е. како класен „остаток" од

---

[18] Ibid

буржоаското општество, бидејќи својата егзистенција ја заснова врз ситната приватна сопственост над средствата за производство. Во периодот од 1950 до 1965 година приватните занаетчии не претставуваат значаен општествен слој во квантитативен поглед, но нивниот број значајно почна да се зголемува по 1965 година кога започнува силно да се развива приватната иницијатива особено во терцијарниот сектор (пред сè, во угостителството) што беше поттикнувано со мотивација за поголемо вработување од една страна и развојот на овие дејнсти (особено туризмот) познати под името „мало стопанство“ од друга страна. Процесот на приватизирањето на овие дејности е мошне ограничен по 1971 година со задавањето на силен удар на либералистичките тенденции во општествено-економските односи што беа значајно изразени кон крајот на 60-тите години.

Но секако дека најзначајни промени и во квантитативен и во структурален поглед во повоениот период во Југославија како последица на брзата индустријализација и на екстензивниот развој на урбанизацијата како и на образовниот систем се случија во битието на **работничката класа.**

Непосрдено пред војната и веднаш по неа работничката класа, а пред сè, индустрискиот пролетаријат и во квалитативен и во квантитативен поглед не претставуваше најбројна и доминантна класа. Таа броеше неколку стотини илјади луѓе и нејзиното јадро го сочинуваа металските работници. Односите на експлоатација во предвоена Југославија според својата суштина биле методи на првобитна акумулација на капиталот чија социјална подлога беше селанството.[19] По ослободувањето со развојот на индустријализацијата и урбанизацијата се создаваше индустриската работничка класа која почна рапидно да се зголемува, особено нејзиниот неквалификуван и полуквалификуван слој кој претежно се регрутираше не само од својот природен прираст, туку и од она население кое го напушташе земјоделството и селото. Веќе во средината на педесеттите години, индустриското работништво станува доминантно во рамките на државната сопственост над средствата за производство. Квантитативниот пораст во овој период е следниот: апсолутно зголемување на работништвото изнесува околу 700 илјади лица (од 1.239.587 во 1947 на 1.992.739 лица во 1952 година), а исто така се случуваат значајни промени во внатрешната структура на работништвото врз основа на неговото зголемување. Непосредно по војната најголем пораст има индустриското занаетчиско работништво, кое во 1947 па и во 1952 година, сочинува една половина од целокупното работништво. Зголемувањето кај овој слој изнесува 600.000 луѓе што сведочи за брзата и екстензивна индустријализација.[20]

---

[19] Ibid.
[20] Ibid.

Во шеесеттите години работничката класа се зголеми веќе на 2.870.000 лица, односно секој втор во поопштествениот социјалистички сектор е работник. Во седумдесеттите години работници приближно биле околу три милиони лица. Покрај ваквиот квантитативен пораст на работничката класа во Југославија како резултат на проширувањето на поделбата на трудот и индустријализацијата се појавија и низа нови работнички занимања: дреари, автомеханичари, послужувачи на делумно или целосно автоматизирани машини што од своја страна бараат повисоко стручно и општо обазование. Во овој период на тој начин се заострува прашањето на неквалификуваниот и полуквалификуваниот слој на работници.

Во периодот меѓу шеесеттите и седумдесеттите години дојде и до поизразено раслојување во рамките на самата работничка класа и до определени противречности во нејзината структура што објективно произлегува од противречноста во развојот на средствата на трудот и од карактерот на поделбата на трудот. Во структурата на вработените од 1963 до 1970 година, квалификуваните работници сочинувале $^1/_4$ од составот (27,8% и 25,2%), а висококвалификуваните 1/15 (6,4$^1/_4$ и 6,6%), односно заеднички помалку од 1/3 од вкупното вработено население. Полуквалификуваните работници сочинуваат 1/8 (15,9$^1/_4$ и 12,7%), односно неквалификуваните работници 1/4 (27,4% и 24,5%) или заедно повеќе од 1/3 од вработеното работништво.[21]

Во овој период во работничката класа на Југославија не само што се влеваат големи групи од другите општествени слоеви, туку и од неа се регрутира во другите неработнички општествени слоеви значаен број лица, пред сѐ, преку школувањето на својата младина во средното (особено гимназиите и средностручните училишта) и високото образование. Така, според податоците на истражувањето за социјалното потекло на студентите во СР Македонија што го спроведов во учебната 1974/75 година, учеството на студентите од работничко потекло изнесува околу 33,0% од вкупниот број студенти. И во другите социјалистички републики учествто на студентите со работничко потекло се движи помеѓу 24—29 проценти. Покрај тоа, кај работничката класа доаѓа и до значајни промени во нејзините материјални примања, начинот на живот и развојот на нејзината социјалистичка свест што е (сѐ ова) од посебно значење за побрзиот развој на југословенското општество.

Во овој повоен период со ширењето на поделбата на трудот доаѓа до формирање на нови немануелни општествени слоеви и нивно квантитативно зголемување како што се: интелигенцијата (техничката и хуманистичката); администрацијата (чиновништвото) и тесниот слој на **раководители.**

[21] Ibid

Темелите на **административниот** (чиновничкиот — како и од него потесно издвоениот **бирократски** слој) веќе се удрени во периодот меѓу 1945—1950 година, во таканаречениот етатистички (државен) период на општествениот развој кога беше неопходно во тој преоден период да се создаде определена организација на општеството. Општествената моќ на овој слој растеше или опаѓаше во зависност од зацврстувањето или слабеењето на државната сопственост над средствата за производство, како и подоцна во периодот од 1950 до 1970 година со јакнењето или слабеењето на општествената сопственост и врз неа развојниот процес на социјалистичкото самоуправување.

Во овој период дојде до значајно зголемување на рутинското чиновништво така што тоа во 1975 година изнесуваше околу 530 илјади лица. Од 1952 до 1970 година чиновништвото порасна за 218.770 лица, просечно годишно за 12.154 лица. Овој брз развиток е исто така последица на екстензивното дејствување на индустријализацијата, од една страна, и отежнатиот процес на деетатизација на општествените односи. Растежот на овој слој ја изразува противречноста меѓу развојот на социјалистичкото самоуправување и „одумирањето" на државната сопственост, односно на државата во поширока смисла на зборот.

Во последната деценија од развојот на југословенското општество **раководниот** општествен слој има тенденција на опаѓање на неговото учество во структурата на немануелните слоеви од 4/10 на 1/15 што е последица на неизменетиот апсолутен број, што во целиот период изнесува околу 90 илјади лица. Макар што не се располага со податоци за внатрешниот состав на раководниот слој може да се претпостави дека директорите од основните работни единици, па до најсложените, го сочинуваат неговиот квантитативно-најзначаен дел. Во рамките на овој потслој во последната деценија дојде до поизразено образовно диференцирање: во 1962 година со више и високо образование имаше само 1/3 или 34,2% директори; со средно 29,8%, а со ниже, средно дури 8,0%. Во 1972 година дојде до осетно зголемување на бројот на директорите со више и високо образование дури на 62,4% додека бројот на оние со средно е намален на 24,5%, односно со ниже средно образование дури на 2,3%.[22]

Еден дел од директорите, особено оние со високо образование во услови на недоволно развиени самоуправни односи заедно со еден дел на стручниот кадар од слојот на интелигенцијата покажува определени карактеристики на **технократско** однесување и таму каде не може самостојно да управува, т.е. да донесува клучни одлуки за работните и животни услови на работниците стапува во „симбиоза" со бирократските групи на соодветните рамништа од општествената организација на трудот кои исто така не се во состојба самостојно да одлучуваат.

---

[22] Ibid.

Таквата противречна и конфликтна тенденција во класно-социјална структура на југословенското општество најсилно беше манифестирана кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години.

Во рамките на немануелните слоеви во повоениот период **интелигенцијата** учествува со најголем процент (околу 40% од сите немануелни слоеви). Иако не се располага со податоци за внатрешната структура на интелигенцијата, сепак може да се претпостави дека техничката интелигенција е помногубројна во однос на хуманистичката и покрај тоа што во последните години тој однос се пресвртува во полза на првата. Во целиот повоен период растежот на интелигенцијата е мошне брз. Во 1970 година таа брои околу 650 илјади лица така што од 1952 до 1970 година таа просечно годишно се зголемува за околу 25.000 лица.[23] Екстензивниот растеж на индустријализацијата и образовниот систем влијаеја врз ова нејзино брзо зголемување. Но сето тоа предизвика низа внатрешни противречности, што се состојат, пред сѐ, во сѐ поизразеното нејзино образовно, па и социјално диференцирање на: интелигенција со средно и интелигенција со високо образование; понатаму, сѐ поголемото зголемување на репродуктивната во однос на помалиот и потесен слој на креативната (творечка) интелигенција; нејзината сѐ поголема концентрација во нестопанството; претежна концентрација, особено на креативната во главните градови на социјалистичките републики и покраини; стремежот на еден нејзин дел технократски да се однесува, т.е. да ја става стручната компонентност во прв план и во процесот на самоуправното одлучување.[24]

* * *

Во кратки црти, колку дозволуваше просторот, се направи обид да се изнесат социолошките аспекти на процесите на индустријализација, урбанизација и промените во социјалната структура во повоениот период на Југославија. Секако дека сликата на промените во самата практика е мошне побогата со низа противречни тенденции и процеси од кои само дел се изнесени во овој прилог, особено оние во социјалната структура која се карактеризира како мошне динамичка со низа преодни социјални групи кои во одредени фази од индустријализацијата, општествената поделба на трудот, урбанизацијата во Југославија се појавувале и исчезнувале, а од друга страна се покажува процесот на значајниот растеж на работничката класа не само во квантитативен туку и нејзината сѐ подоминантна улога во процесот на управувањето што е израз на процесот на трансформација на нејзиното наемно (пред војната и во првите години по неа) во социјалистичко самоуправно битие.

---

[23] Ibid.
[24] Ibid.

Покрај тоа што пред југословенската социологија стојат како основни задачи комплексно и лонгитудинално да ги истражува и следи овие процеси и промени, сепак, се потребни и компаративни социолошки истражувања на повеќе конкретноисториски општества од ист тип (како што се, на пример, постојните социјалистички) за да би се дошло до поопшти теориски релевантни заклучоци што е од посебно значење за развојот на марксистичката социологија во овие општества.

**Petre Georgievski**

## L'INDUSTRIALISATION, L'URBANISATION ET LES CHANGEMETS DANS LA STRUCTURE SOCIALE DANS LA PERIODE D'APRES GUERRE (1947—1977) EN YOUGOSLAVIE*

(R é s u m é)

Dans la partie introductive l'auteur détermine les termes industrialisation, urbanisation et structure sociale.

Le développement de l'industrialisation et de l'urbanisation en RFS de Yougoslavie est comparé avec le développement de l'industrialisation et l'urbanisation en Pologne; cela se réalise en exposant des données déterminées (indicateurs) pour une période fixée.

Sur le développement de l'industrialisation, de l'urbanisation et des changements dans la structure sociale foit également une influence importante le développement rapide de tous les genres d'instruction (pour lesquelles sont inclues des données empiriques).

La transformation dans la structure sociale en RFS de Yougoslavie comme résultat de l'industrialisation et de l'urbanisation, sont exposées pour la période après la seconde guerre mondiale et pendant l'édification des rapports socialistes. Ces transformations sont non seulement quantitatives et ne représentent pas uniquement l'augmentation numérique des classes et couches sociales, mais elles sont également qualitatives et substantielles, dont la preuve est la disparition de certaines classes et couches (par exemple la bourgeoisie et les autres classes et couches propriétaires) et l'augmentation et la croissance d'autres, comme la classe ouvrière et les intellectuels mais aussi l'apparition de certaines couches tout-à-fait nouvelles, comme par exemple les paysans-ouvirers industriels, les travailleurs temporaires à l'étranger, les chômeurs etc.

La sociologie yougoslave a devant soi comme tache principale d'étudier et suivre d'une manière compléxe et longitudinale ces procès et ces transformations.

---

* Ce rapport représente le compte-rendu de l'auteur à la Première réunon scientifique sociologique Cracow—Skopjé, sur le thème „Les aspects sociologiques de l'industrialisation et de l'urbanisation des société socialistes", qui eu lieu du 30. 11. 1979 jusqu' au 5. 12. 1979 à Cracow (Pologne).